**погледи-мислења-дилеми**

# РАЗЛИКИ МЕЃУ АМЕРИКАНСКИОТ (ASL) И БРИТАНСКИОТ ЗНАКОВЕН ЈАЗИК (BSL)

*Зора ЈАЧОВА [1], Оливера КОВАЧЕВА [2]*
*Александра КАРОВСКА [2]*

Филозофски факултет
Институт за дефектологија [1]
Последипломец на Институтот за дефектологија [2]

## Резиме

Во комуникацијата на глувите луѓе меѓу себе и со оние кои слушаат постојат три основни аспекти на интеракција: гест, дактилен знак и писмо. Гестот е условно договорен начин на комуникација со помош на рацете придружен со мимика на лицето и телото и означува некој поим. Во секој случај, гестот и движењата му претходат на говорот и имале цел да означат нешто, а подоцна да го нагласат говорниот израз.

Stokoe бил првиот лингвист кој сфатил дека знаковите не се целина која не може да биде анализирана (3). Тој анализирал знакови во безначајни делови кои ги нарекол “cheremes”, а многу лингвисти денеска ги нарекуваат фонеми. Тој создал три главни фонемски категории: поставеност на рацете, локација и движење.

Знаковните јазици како и говорните јазици водат потекло уште од далечното минато. Тие се развивале паралелно со развојот на говорниот јазик и претрпеле многу историски промени. Затоа, тие денес не претставуваат замена за говорниот јазик, туку самите се јазици во вистинска смисла на зборот.

Иако структурата на англискиот јазик кој се употребува во Америка и оној во Британија е иста, сепак нивните знаковни јазици, т.е. ASL и BSL се разликуваат.

***Клучни зборови:*** *комуникација, гестикулации, ASL, BSL, знаковен јазик, говор*

Адреса за кореспонденција:
*Зора ЈАЧОВА*
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски факултет, Институт за дефектологија,
Крсте Мисирков бб, 1000 Скопје, Република Македонија
zorajacova@hotmail.com

**views-opinions-dilemmas**

# DIFFERENCES BETWEEN AMERICAN SIGN LANGUAGE (ASL) AND BRITISH SIGN LANGUAGE (BSL)

*Zora JACHOVA [1], Olivera KOVACHEVA [2]*
*Aleksandra KAROVSKA [2]*

Faculty of Philosophy
Institute of Special Education and Rehabilitation [1]
Postgraduate student at the Institute of Special Education and Rehabilitation [2]

UDK: 159.925.8-056.263

## Abstract

In the communication of deaf people between themselves and hearing people there are three basic aspects of interaction: gesture, finger signs and writing. The gesture is a conditionally agreed manner of communication with the help of the hands followed by face and body mimic. The gesture and the movements pre-exist the speech and they had the purpose to mark something, and later to emphasize the speech expression.

Stokoe was the first linguist that realised that the signs are not a whole that can not be analysed. He analysed signs in insignificant parts that he called “chemeres”, and many linguists today call them phonemes. He created three main phoneme categories: hand position, location and movement.

Sign languages as spoken languages have background from the distant past. They developed parallel with the development of spoken language and undertook many historical changes. Therefore, today they do not represent a replacement of the spoken language, but are languages themselves in the real sense of the word.

Although the structures of the English language used in USA and in Great Britain is the same, still their sign languages-ASL and BSL are different.

***Key words:*** *communication, gesture, ASL, BSL, sign language, speech*

Coresponding Address:
*Zora JACHOVA*
“Ss Cyril and Methodius” University, Faculty of Philosophy, Institute of Special Education and Rehabilitation,
Krste Misirkov bb, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
zorajacova@hotmail.com

## Вовед

Во комуникацијата на глувите луѓе меѓу себе и со оние кои слушаат постојат три основни аспекти на интеракција: гест, дактилен знак и писмо (1). Гестот е условно договорен начин на комуникација со помош на рацете придружен со мимика на лицето и телото и означува некој поим. Дактилниот знак или дактилема е арбитрирано утврдена положба на прстите од десната рака со која се означува одредена буква од азбуката. Писмото - пишувањето е универзална постапка за разбирање кај образованите лица.

Кога настанал гестот не се знае, како што не е познато кога настанал говорот. Сите теории кои го објаснуваат настанувањето на гестот, настојуваат да го поврзат говорот и гестот или со поддржување на звуците во природата или со имитирање на движењата во природата. Во секој случај, гестот и движењата му претходат на говорот и имале за цел да означат нешто, а подоцна да го нагласат говорниот израз. Но, гестовите може да имаат и самостојно значење. Всушност, тие кај глувите лица го сочинуваат системот на условно договорени движења кој се нарекува гестовен говор.

## Карактеристики на гестот

- гестовните знаци се моментални, значи брзо се изведуваат, меѓутоа можат да се опишат, снимат, нацртаат, а потоа да се мултиплицираат;
- гестот ја претставува суштината на поимот, на пример татко – мустаќи;
- тој се карактеризира со крајна очигледност, непосредност или имитирање на работата, на пример: куќа – покрив, кројач – шиење;
- гестот е проследен со мимика на лицето и телото;
- апстрактните поими се сведени на конкретна содржина, на пример: гестот за поимот бог се прави со подигање на кажипрстот нагоре;
- гестовите се недиференцирани, тоа значи еден гест може да означува повеќе поими, на пример: печат – уверение, одлука, решение;
- постојат гестови кои не можат да се разберат кога се изолирани, туку само во низа со други гестови;

## Introduction

In the communication of deaf people between themselves and hearing people there are three basic aspects of interaction: gesture, finger signs and writing (1). The gesture is a conditionally agreed manner of communication with the help of the hands followed by face and body mimic. The finger sign or "dactilema" is an arbitrary agreed position of the right hand fingers with which, a certain letter of the alphabet is denoted. Writing is a universal action for understanding between the educated people.

The emergency of the gesture is unknown, as it is unknown when the speech emerged. All the theories that explain the emergency of the gesture, insist to connect speech and gesture either by supporting the sounds in the nature either by imitation of the movements in the nature. In either way, the gesture and the movements pre-exist the speech and they had the purpose to mark something, and later to emphasize the speech expression. But, the gestures can have an independent meaning, actually within the culture of deaf people they consist the system of conditionally agreed movements that is called sign language.

## Characteristics of the gesture

- The signs are momentous and therefore made quick. But they can be described, recorded, drawn and then multiplied;
- The gesture represents the essence of the word, for example father-mustache;
- He is characterized with distinctive appearance, imitation of the work, for example house-roof, tailor-sewing;
- The gesture is accompanied with face and body mimic;
- The abstract words are narrowed down to concrete content, for example the gesture for the term god, is made by raising the pointing finger up;
- The gestures are not differentiated, that means that one gesture can mark more terms, for example stamp-insurance decision, solution;
- There are gestures that can not be understood when they are isolated, but only in a continuous line with other gestures;

- гестовите имаат индивидуален жаргон и се разликуват од едно до друго подрачје;
- гестовите како и зборовите можат да се развиваат, усовршуваат;
- тие лесно се помнат и брзо се учат;
- гестовите не предизвикуваат оптички замор како што е случај кај визуелната перцепција на говорот од уста;
- гестот не може да се разбере на голема оддалеченост, како што е на пример случај со звукот и говорот;
- гестовите се различни по вид и облик и нивното разбирање и користење зависи од степенот на образованието на глувите;
- заради својата недиференцираност ако не бидат проследени со говор, можат да доведат до забуна и неразбирање на она што е кажано.

Како ***негативни карактеристики*** на гестот се издвојуваат следниве:

- гестовите не подлежат на законот на граматиката и синтаксата, туку статички стојат еден покрај друг, па затоа говорот на глувите е сиромашен, аграматичен, а речениците стојат статички една крај друга, а не во меѓусебна поврзаност;
- тие се лексички сиромашни поради својата конкретност;
- гестовите не можат да се користат во темница или недоволно осветлена просторија.

## *Класификација на гестовите*

Многу психолози, лингвисти, сурдопедагози се обидувале да направат класификација и систематизација на гестовите.

Еден од психолозите кој се занимавал со оваа проблематика бил германскиот психолог Вилхелм Вунт. Тој сите гестови ги поделил во неколку групи, кои настанале една од друга, и на тој начин се обидел да ја создаде генетската класификација на гестовите, заснована на принципот на нивниот развој.

Неговата класификација изгледа вака:

1. **Показни гестови** - според него тоа се првобитни изразни форми. Овој облик на гестовен израз се јавува во сите случаи кога глувонемата личност живее меѓу луѓе кои слушаат.

- The gestures have individual jargon and are distinctive from one area to the next;
- The gestures as the words can be developed, perfected;
- They are easily remembered and learned fast;
- The gestures do not cause optical tiredness as it is the case with visual perception of the speech from the mouth;
- The gesture can not be understood on a great difference, as it is a case with the sound and speech;
- The gestures are different by sort and form and their understanding and use is dependant on the degree of education of the deaf person;
- Because of their non differentiation if they are not followed by speech, they can lead to misunderstanding of what is said.

As ***negative characteristics*** of gestures we can point out the following:

- The gestures do not follow the laws of grammar and syntax, and they statically stand one by another, and therefore the speech of the deaf is poor, non-grammatical, and the sentences stand statically one by another, and not in inter-connection;
- They are lexically poor because of their concreteness;
- The gestures can not be used in the dark or a room that does not have enough light.

## *Classification of the gestures*

Many psychologists, linguist, surdo-pedagogues tried to make a classification and systematization of the gestures.

One of the psychologists who worked in this field was the German psychologist Wilhelm **Wunt.** He divided all the gestures in several groups, that came one from another, and in that manner he tried to create a genetic classification of the gestures, based on the principle of their development.

His classification looked like this:

1. **Pointing gestures** - according to him these are primordial expression forms. This mode of gesture expression occurs in all cases when the deaf lives among hearing people.

- Првата варијанта на показни гестови се таканаречените *указни гестови*. Тие се употребуваат во случаи кога се укажува на лице кое учествува во разговорот. Тоа се гестови за лица: јас, ти, тој, таа, тоа.
- Другата варијанта се *просторни гестови* со кои се покажува просторниот однос од глувото лице кое се зема како централна точка во околината. Тоа се гестовите од типот: овде, горе, долу, напред, назад и др.
- Трета подваријанта на показните гестови се оние со кои се покажува извесна димензија. На пример: голем, мал, висок, низок и др. Овие гестови не бараат присуство на конкретниот објект или лице, туку претставуваат општа ознака за одреден предмет или лице. Затоа овие гестови се наречени *изразни гестови*, бидејќи со нив се изразува некоја карактеристика, функција, особина и слично.

2. **Имитативни** (**копирачки**) **гестови** со кои нешто се подржува, копира или имитира. Тие главно ги претставуваат глаголите.
3. **Симболични гестови** за кои Вунт смета дека се највисокиот облик на гестовно изразување. Тие го претвораат означениот предмет во симбол.

Вунт во секој гест поставил два основни критериуми:

а) надворешна страна на гестот, односно начинот на неговото продуцирање со рацете;

б) внатрешна страна на гестот, односно неговото значење. Овие два аспекта ја сочинуваат целината која ја претставува содржината на гестот.

### *Разлики меѓу американскиот (ASL) и англискиот знаковен јазик (BSL)*

Дека американскиот знаковен јазик се разликува од англискиот, постојат повеќе примери. (2) Едноставен тест за тоа е да се пронајдат зборови во англискиот јазик кои имаат две различни значења. Ако знаците во ASL се замена за зборовите во англискиот јазик, тогаш би требало да има еден ист знак за тој збор, а да има две различни значења како што е со некои зборови од англискиот јазик.

- The first variant of pointing gestures are the so called *ordinate gestures*. They are used in cases when it is an ordinate towards a person that participates in the conversation. These are the person gestures: me, you, he, she, it.
- The second variant is the *spatial gestures* with which the spatial relation of the deaf is taken as a central point in the surroundings. These are the gestures like: here, up, down, forward, backward etc.
- The third sub variant is the one with which a certain dimension is showed. For example: big, small, tall, short etc. These gestures do not demand the presence of the concrete object or person but they represent a general index for a certain object or person. Therefore these gestures are called *expression gestures*, because with them one expresses a characteristic, function, attribute etc.

2. The other group of gestures according to Wunt is copy or **imitative gestures** with which something is supported, copied or imitated. They mainly represent the verbs.
3. The third group according to Wunt is the **symbolic gestures,** for which Wunt believed are the highest form of gesture expression. They turn the marked object into a symbol.

Wunt in every gesture placed two basic criteria:

a) the external side of the gesture, the manner of its production with the hands;

b) the internal side of the gesture, his meaning. These two aspects contain the ensemble that represents the content of the gesture.

### *Differences between the American Sign Language (ASL) and English language*

There are many examples that the American Sign Language is different from the English language (2). A simple test for this can be, to find words in English that have two different meanings. If the signs in ASL are a substitute for the words in English, then there should be a same sign for that word which has two different meanings as it is the case with some words from the English language.

Исто како и зборовите во другите јазици, така и знаците во ASL означуваат нешто, а не зборови од англискиот јазик. Еден знак од ASL може да изразува цела реченица која бара три или повеќе збора во англискиот јазик. Во ASL еден знак со комплексно значење може да се комбинира на повеќе начини и тоа може да се изрази во англискиот говорен јазик само со секвенци на повеќе зборови.

Тоа е само една од разликите помеѓу граматиката на ASL и граматиката на BSL. Тоа не значи дека на ASL му недостига граматика. Тој има своја граматика само што таа се разликува од онаа на англискиот јазик.

### *Структура на американскиот знаковен јазик*

Во раните 1970-ти многу лингвисти и психолози започнале со проучување на карактеристиките на ASL. Студиите на различните аспекти на граматиката на ASL не оставиле простор за сомнеж дека оние кои го практикуваат ASL се служат со вистински човечки јазик.

Stokoe бил првиот лингвист кој сфатил дека знаковите не се целина која не може да биде анализирана (3). Тој анализирал знакови во безначајни делови кои ги нарекол “cheremes”, а многу лингвисти денеска ги нарекуваат фонеми. Тој создал три главни фонемски категории: поставеност на рацете, локација и движење.

Како и повеќето други природни јазици, и знаковните јазици имат разни начини на препознавање на еден збор од друг и сл. Сите досега проучени знаковни јазици имат богат систем на менување со слободен редослед на конституција. Во ASL иако нема граматичко изразување на времето, глаголите може да влијаат на согласувањето на субјектот и објектот, а и на некои аспекти како што се вообичаеноста, континуитетот и др. Друг начин на менување е преку почетните и завршните точки од акцијата или преку фреквенцијата независно од времето. Ако го земеме глаголот “go–to”, на неговите вообичаени аспекти може да се влијае преку брзо редуплицирање. Ова го менува значењето, но не она суштинско (лексичко), туку во овој случај укажува на редовно одење на некое место.

Same as in the words in other languages, the signs in ASL mean something, not words from the English language. One sign in ASL can present a whole sentence that asks three or more words in the English language. In ASL, one sign with a complex meaning can be combined in more ways and that can be presented in the English spoken language only with sequences of more words.

That is only one of the differences of the grammar in ASL and the grammar of the English language. That does not mean that ASL lacks grammar. It has its own grammar that is simply different from the one of the English language.

### *Structure of American Sign Language*

In the early 1970-ties many linguists and psychologists started with studying the characteristics of ASL. The studies of the different aspects of the grammar of ASL did not leave place for doubt that the one who practises ASL uses a real human language.

Stokoe was the first linguist who realised that the signs are not a whole that can not be analysed (3). He analysed signs in insignificant parts that he called “chemeres”, and many linguists today call them phonemes. He created three main phoneme categories: hand position, location and movement.

As in most of the other natural languages, the sign languages have different ways of recognizing one word from the next etc. All sign languages studied so far have a rich system of changing with a free schedule of constitution. Although in ASL there is no grammatical expression of time, the verbs can influence the agreement between the subject and the object, and also on some other aspects as commonness, continuity etc. Another manner of changing is through the initial and final points from the action or thru the frequency independent of time. If we take the verb “go-to”, on his usual aspects we can influence through fast reduplicating. This changes the meaning, but not the essential one (the lexical), but in this case points towards going to a place regularly.

Ако истиот знак се повторува со бавно, кружно движење, тоа значи продолжителен аспект и означува повторно одење на некое место (најверојатно не толку редовно). Ако овој знак започне да се продуцира и притоа наеднаш се прекине пред да се изведе целосно, значи дека тоа дејство не се реализирало и означува нереализиран аспект.

Некои глаголи формираат множина преку редуплицирање, додека рацете се наоѓаат во хоризонтална положба. Исто така постојат и други начини за формирање на множина, во зависност од фонолошкиот состав на знакот. Знакот "LOOK" во ASL се прави со два раширени прста на секоја рака или пак со само една рака. Ако се рашират сите прсти освен палецот и се користат двете раце, тогаш знакот значи дека многу луѓе гледаат.

ASL го означува времето во реченицата, но не се знае дали е од типот на past continouse tense или past tense, тој користи прилози најчесто на почетокот на реченицата како ознаки за времето. Индиректен начин за означување на минато време во ASL е преку употребата на завршната форма на глаголот "FINISH".

Основната структура на реченицата во ASL е субјект - глагол - објект. Понекогаш во ASL се појавува потреба од промена на основниот редослед на зборовите. Повеќето јазици имаат потреба од овој процес наречен „темализација", при што именката ставена во улога на која се однесува реченицата се става на почетокот на истата. Темата започнува со посебно немануелно однесување и продолжува сѐ додека не се претстави друга тема.

Значи, ако станува збор за подолг дискурс, нема потреба да се преместува во речениците што следуваат.

Во знаковниот јазик, лицето и држењето на телото ја вршат истата функција како интонацијата во говорниот јазик, па дури и повеќе од тоа. На некој начин тие се поблиску до граматиката (лексиката) во говорниот јазик, и укажуваат на разликите во значењето. Така на пример, негацијата во ASL се означува со мрдање на главата, а прашањето со подигање на веѓите и ширење на очите.

Можеме слободно да кажеме дека секој знаковен јазик има фонолошки, морфолошки и синтаксички структури кои исто така се сложени како и во јазикот кој се зборува.

If we repeat the same sign with a slow, circle movement that means a continuous aspect, and means going to some lace again (probably not so regularly). If we start to produce this sign and then suddenly stop before the full performance, that means that the action has not been realised and it shows a not realised aspect.

Some verbs form plural through reduplicating, while the hands are in a horizontal position. Also there are other ways to form plural, dependently on the phonological content of the sign. The sign "LOOK" in ASL is made with two spread fingers on each hand or only with one hand. If we spread all the fingers except the thumb and we use both hands the meaning is that a lot of people are watching.

ASL shows the time in the sentence, but it is not known whether it is Past Continuous Tense or Past Simple Tense. It uses adverbs usually at the beginning of the sentence as time marks. An indirect way to show past tense in ASL is by using a final form of the verb "FINISH".

The basic structure of the sentence in ASL is subject-verb-object. Sometimes in ASL it emerges a need to change the basic schedule of the words. More languages have a need from this process called "thematization", during which, the noun placed in a role to which the sentence is turned to is placed at the beginning of the it. The theme starts with a special non manual behaviour and continues until another theme is presented.

So if we are talking about a longer discourse, there is no need for a shift in the sentences that follow.

In sign language, the face and the body posture have the same function like the intonation in the spoken language, even more than that. In some way they are closer to the grammar (lexis) in the spoken language, and point to differences in meaning. So, for example, the negation in ASL is made with head movement, and a question with raising the eye brows and widening the eyes.

We can freely say that every sign language has phonological, morphological and syntax structures that are also complex as the spoken language.

We can freely say that every language has phonological, morphological and syntax structures that are also as complex as the spoken language.

## *Структура на британскиот знаковен јазик (BSL)*

Особено е важно да се нагласи дека BSL е мошне богат јазик како и секој говорен јазик, и е неповрзан со говорниот јазик. Како природен човечки јазик, ги поседува сите составни лингвистички карактеристики како и другите јазици: лексика, синтакса, семантика, морфологија, фонологија.

Stokoe прв ги предложил трите аспекта на знакот: поставеност на рацете, локација и движење (4). Подоцна биле додадени ориентацијата на дланката во однос на телото, фацијалната експресија. Сите знаци во BSL се изведуваат со поставеноста на рацете (обликување) во комбинација со другите аспекти, т.е. различни движења на различи локации, различно ориентирани кон телото и придружени со различна фацијална експресија. Знакот може да опфаќа еден или повеќе параметри: на пример знакот “NAME” и знакот “AFTERNOON” имаат идентична поставеност на рацете, движење, ориентација, иста фацијална експресија, но различна локација (едниот на челото, другиот на брадата). Кај секој параметар постојат извесни ограничености. Така на пример, сите знаци се ограничени во одреден простор во горниот дел на телото и не можат да се појават сите обликувања (поставеност) на рацете. Знаците може да се класифицираат во согласност со нивното формирање, како еднорачни или дворачни. Оние кои се изведуваат со двете раце може да имаат симетрично движење, или едната (доминантната) рака може да се движи, а другата да служи како локација на движењето. Знаците исто така се разликуваат во однос на контактот со телото на оној кој ги прави, или во меѓусебниот контакт. Ограничувањата кои ги има во однос на дворачните знаци се однесуваат на следново: доминантното ограничување во обликот, ако знакот кој се продуцира со две раце има различна поставеност на рацете, недоминантната рака може да има ограничен број на поставеност и локација за целиот знак. Ставот за симетричното ограничување се однесува на независното движење на рацете при што мора да имаат иста локација, поставеност и движење (симултано или наизменично).

## *Structure of the British sign language (BSL)*

It is important to emphasize that BSL is a very rich language as any other spoken language, and is not connected to the spoken language. As a natural human language it possesses all the structural linguistics characteristics as all the other languages: lexis, syntax, semantics, morphology, phonology.

Stokoe was the first to propose the three aspects of the sign: hand position, location and movement (4). Later orientation of the palm was added in relation of the body, facial expression. All the signs in BSL are made by positioning the hands (forming) in combination with the other aspects that is different movements on different locations, differently oriented towards the body and followed by different facial expression. The sign can contain one or more parameters: for example the sign “NAME“ and the sign “AFTERNOON” have an identical hand position, movement, orientation, same facial expression but different location (one on the forehead and the other on the chin). There are certain limitations for every parameter. So, for example, all the signs are limited in a certain space in the upper part of the body, and not all the shapes (positions) of the hands can appear. The signs can be classified in accordance with their forming, as one handed and two handed. The ones that are made with both hands can have a symmetrical movement, or one (dominant) hand can be in movement, and the other one to serve as a location for the movement. The signs also differ regarding the relation of the body contact with the one that performs, or the interdependent contact. The limitations regarding the two handed signs are the following: dominant limitation in the shape, if the sign is produced with both hands has a different position of the hands; the non dominant hand can have a limited number of positions and locations for the entire sign. The attitude for the symmetrical limitations concerns the following – if the two hands move independently, then both have to have a same location, hand position and movement (simultaneous or alternative), and the hand orientation has to be symmetrical. In this case there is no dominant hand.

И ориентацијата на рацете мора да биде симетрична. Во овој случај не постои доминантна рака. BSL има комплексен систем на морфолошка и синтаксичка обработка (5). Современите истражувања разјаснуваат најмалку два начина кои означуват време или временската поврзаност во речениците во BSL и дека можеби има глаголски времиња слични на некои од оние во англискиот јазик. Највообичаен начин за изразување на временската поврзаност во BSL е преку модификација на прилозите (TOMORROW и COOK, YESTERDAY и COOK и др.). Втората временска линија откриена во BSL е лоцирана пред телото. Таа линија се користи за презентирање на сукцесивност и траење: BEFORE, AFTER, CONTINUE, NEXT. Бројот како граматичка категорија е пронајден во многу јазици. Во англискиот јазик ја наоѓаме категоријата број при определувањето на именките (множина/еднина) и кај остатоците од означувањето на бројот кај глаголите во 3 лице еднина (he paints). Во другите јазици, како на пример во францускиот, мора да биде обележан бројот на придавките, именките и глаголите. И кај англискиот и кај францускиот, множината кај именките се обележува со додавање на суфиксот – (s). Други јазици пак користат редуплицирање за да означат множина. BSL е сличен на втората група каде множината почесто се прави со редуплицирање, повторување на знакот, отколку со додавање на некој елемент.

Лингвистите често ги дефинираат јазиците во согласност со редоследот на елементите во реченицата. Редоследот на зборовите може да биде различен кај различни јазици: субјект-глагол-објект, глагол-субјект-објект, тема-објаснување и други разни комбинации. Лингвистите кои го проучувале BSL сметаат дека истакнувањето на темата е карактеристична особина на BSL. Темата може да опфаќа повеќе од една реченица, па затоа темата може да не се појавува после секој глагол, но мора да се појавува кога ќе настане промена на темата. Темите не мора да бидат именки, тие можат да бидат прилози (THERE WE TWO GO). Deuchar исто така нагласува дека темите може да ги придружуваат немануелни сигнали. Во BSL има три главни начини или маркери со кои се означува негацијата: фацијална експресија, движење на главата и мануелни знаци за негација, или знаци со негација инкорпорирани во нив.

The hand orientation has to be symmetrical. In this case there is no dominant hand.

BSL has a complex system of a morphological and syntax processing (5). Contemporary researches clarify at least two modes that show time or time relation in the sentences of BSL, and that maybe there are verb tenses similar to the ones in the English language. The most common way for expression of the time relations in BSL is through modification of the adverbs (TOMORROW I COOK, YESTERDAY I COOK etc). The second time line discovered in BSL is located in front of the body. That line is used for presentation of success and duration: BEFORE, AFTER, CONTINUE, NEXT. The number as a grammatical category found in many languages. In the English language we find the category number while specifying the nouns (plural/singular) and in the remains from designating the number of the verbs in 3-rd person singular (he paint**s**). In other languages, for example French, the adjectives, nouns and verbs have to be designated by a number. In English and French, plurality of the nouns is designated by adding the suffix – (s). Other languages use reduplicating to designate plurality. BSL is similar to the second group where plural commonly is made with reduplicating, repetition of the sign, than by adding some element.

The linguists often define the languages according to the sequence of the elements in the sentence. The sequence of the words can be different in different languages: subject-verb-object, verb-subject-object, topic-explanation and other different combinations. The linguists that studied BSL consider that accenting the topic is a characteristic attribute of BSL. The topic can contain more then one sentence, so therefore it is possible that the topic does not occur after every verb, but it has to occur when there is a topic change. The topics are not necessarily nouns and they can be adverbs (THERE WE TWO GO). Deuchar also emphisizes that the topics can be accompanied by non manual signals. In BSL there are three main manners or markers with which one designates negation: facial expression, head movement and manual signs for negation, or signs with an incorporated negation.

Секој од знаците може да се соедини со други или фацијалната експресија може да варира во интензитетот. Знаците често се негираат преку движење на устата која го придружува негираниот знак.

Движењата на главата (придвижување на главата или игнорирање со вртење на главата настрана) можат да бидат едноставни или повторувачки. Придвижувањето со главата може да варира во текот на целата реченица.

Постојат повеќе знаци кои означуваат негација во BSL, како на пример: NOTHING, NOT-YET, WILL-NOT, WHY-NOT, и SHALL-NOT. Овие знаци можат да бидат придружени со фацијална експресија и движење на главата, а вообичаено се јавуваат на крајот од реченицата. Некои од знаците, обично оние кои ги претставуваат глаголите кои означуваат искуство или изненадување, имаат сопствена форма за негација, како на пр: KNOW-NOT, LIKE-NOT, WANT-NOT, BELIEVE-NOT.

Прашањата во BSL содржат: знак за прашање, карактеристична фацијална експресија и карактеристичен ред на знаците. Двете прашални форми во BSL кои овде ќе ги наведеме се WH и YES-NO прашања. WH-прашањата се формираат со прашален знак, како на пр: WHAT, WHY, WHERE, WHEN или HOW. Прашалните знаци често се продуцираат на крајот од реченицата, но понекогаш може да се употребат и на почетокот и на крајот од реченицата, како во следниот пример: "WHERE CAT WHERE?" ("Where is the cat?"). Фацијалната експресија е исто така важна така што кај Wh-прашањата веѓите се собираат, очите малку се затвораат, а главата се подига нанапред или се свртува настрана. YES-NO прашањата се прават исто така со фацијална експресија: веѓите се подигаат, очите се отворени, а главата и рамењата малку се придвижуват наназад. Точниот степен на оваа „артикулација" го определува доменот на испитување во прашањето. Не постои посебен мануелен знак за YES-NO прашањата кој би се применувал на почетокот или на крајот од реченицата.

### *Разлики меѓу азбуката на американскиот и британскиот знаковен јазик*

Постои јасна дистинкција меѓу азбуката на американскиот и британскиот знаковен јазик.

Every sign can be united with others or the facial expression can vary in intensity. The signs are often made in negation through mouth movement that supports the sign in negation.

The head movements (small movement of the head or ignoring by moving the head on the side) can be simple or repetitive. The head movement can vary during the entire sentence.

There are more signs that designate negation in BSL as for example: NOTHING, NOT-YET, WILL-NOT, WHY-NOT, and SHALL-NOT. This signs can be accompanied by some facial expression and head movement, and commonly appear at the end of the sentence. Some of the signs, usually the ones that represent the verbs which express experience or surprise, have their own form of negation, as for example: KNOW-NOT, LIKE-NOT, WANT-NOT, BELIEVE-NOT.

The questions in BSL consist of: question sign, characteristic facial expression and characteristic order of signs. Two question forms in BSL are: Wh- and YES-NO questions. Wh-questions are formed with a question sign, as for example: WHAT, WHY, WHERE, WHEN or HOW. The question signs are often produced at the end of the sentence, but sometimes they can be used at the beginning and at the end of the sentence, as in the following example: "WHERE CAT WHERE?" ("Where is the cat?"). The facial expression is also important so that in the Wh-questions, the eye brows move closer, the eyes are a little bit closed, and the head is moved in front or moved on the side. YES-NO questions are made also with a facial expression: the eye brows are lifted, the eyes are open, and the head and shoulders are moved a little bit backwards. The correct degree of this "articulation" assigns the area of exploration in the question. There is no specific manual sign for YES-NO questions that would be made in the beginning or the end of the sentence.

### *Differences between the American and British Sign Language*

There is a clear distinction between the alphabet of the American and British sign language.

Кај ASL се забележува употреба на едната рака при дактилирање на буквите од азбуката, додека пак кај BSL се употребуваат двете раце со исклучок на буквата „c“ која се продуцира со една рака и е слична, но не и иста со онаа од ASL.

In ASL there is a noticeable use of one hand while signing the letters of the alphabet while in BSL both hands are used with exception of the letter „c” which is produced with one hand and is similar but not the same with the same letter in ASL.




*ASL мануелна азбука* *ASL manual alphabet*




*BSL мануелна азбука* *BSL manual alphabet*




*Приказ на броевите во ASL* *Display of the numbers in ASL*




*Приказ на броевите во BSL* *Display of the numbers in BSL*

Постои разлика и при продуцирањето на броевите. Броевите 1, 2, 4, 5 имат ист облик, но различна ориентација на раката, така што во ASL дланката е свртена со внатрешната страна кон лицето кое ги продуцира броевите, а кај BSL со надворешната страна. Бројот 3, освен различната ориентација, има и различен облик, бидејќи кај ASL се продуцира со исправени и раширени палец, показалец и среден прст, а кај BSL со раширени и исправени три средни прста. Бројот 6 е сосема различен и има поинаква поставеност во просторот. Заедничко е тоа што и кај ASL и BSL се продуцира со една рака. Броевите 7, 8, 9, 10 кај ASL се еднорачни, а кај BSL се дворачни итн.

Постојат многу разлики меѓу знаците во ASL и BSL во однос на обликувањето на рацете, видот на движењето и локацијата. На пример, знакот "FORGET" иако за локација го има челото и кај ASL и кај BSL, сепак тој се разликува по сите други карактеристики.

There is a difference among the production of the numbers. The numbers 1, 2, 4, 5 have the same shape, but different hand orientation, so in ASL the palm is faced towards the inner side of the person that is producing the numbers, and in BSL on the external side. The number 3 except the different orientation has a different shape because in ASL is produced with straight and spread thumb, pointer and middle finger, and in BSL with spread and straight three middle fingers. Number six is completely different and has a different location in space; the only same thing is that both in ASL and BSL is produced with one hand. Numbers 7, 8, 9, 10 in ASL are one handed and in BSL two handed etc.

There are many differences between the signs in ASL and BSL regarding the shape of the hands, type of movement and location. For example, the sign "FORGET" although as a location has the forehead in ASL and BSL it still differs in all the other characteristics.



*ASL "FORGET"*



*BSL "FORGET"*

Знаковните јазици се разликуваат и по немануелните сигнали. Во ASL и BSL еден исти знак не се разликува само по локација, движење, обликување и слично, туку може да се разликува и по немануелните сигнали. На пример, знакот "DREAM" има различна фацијална експресија во ASL и BSL. Во ASL, очите се отворени и главата исправена, а во BSL очите се затворени, веѓите спуштени малку надолу, а главата малку свиткана кон десно.

The sign languages are different according to the non manual signals. In ASL and BSL one sign does not only differ according to the location, movement, shape etc but also according to the non manual signals. For example the sign "DREAM" has a different facial expression in ASL and BSL. In ASL, the eyes are open and the head stands straight, and in BSL the eyes are shut, the eye brows lowered down ad the head is turned a little bit to the right.



ASL "DREAM"



BSL "DREAM"

Секако постојат и некои идентични знаци меѓу двата знаковни јазици посебно оние кои се употребуваат во ГЕСТУНО-интернационалниот знаковен јазик.

Naturally there are some identical signs between both sign languages especially the ones used in GESTUNO – the international sign language.



HOSPITAL



TELEPHONE



SAY

## *Заклучок*

Знаковните јазици како и говорните јазици водат потекло уште од далечното минато. Тие се развивале паралелно со развојот на говорниот јазик и претрпеле многу историски промени. Затоа, тие денес не претставуваат замена за говорниот јазик, туку самите се јазици во вистинска смисла на зборот. Дека знаковниот јазик не е замена на говорниот јазик покажуваат бројните разлики кои постојат помеѓу нив.

## *Conclusion*

Sign languages as spoken languages have background from the distant past. They developed parallelly with the development of spoken language and undertook many historical changes. Therefore, today they do not represent a replacement of the spoken language, but are languages themselves in the real sense of the word. That the sign language is not a replacement of the spoken language is showed by the numerous differences between them.

На пример: во американскиот знаковен јазик, за разлика од говорниот англиски јазик има поинаков редослед на зборовите; еден збор може да означува цела реченица; немануелните сигнали играат многу важна улога при продуцирањето на знаците и при определувањето на видот на реченицата и др.

Иако структурата на англискиот јазик кој се употребува во Америка и оној во Британија е иста, сепак нивните знаковни јазици, т.е. ASL и BSL се разликуваат. На пример: мануелната азбука во ASL е еднорачна (дактилологија), додека во BSL е дворачна (хирологија). Она што е интересно е дека македонската мануелна азбука е многу слична со онаа од ASL. И броевите се разликуваат во својата продукција. Освен по ова, тие се разликуваат и по продукцијата на многу други знаци, односно еден ист знак може да има различно место на локација, движење и обликување во ASL и BSL. Разлики се сретнуваат и кај немануелните сигнали, така што еден ист знак освен што се продуцира поинаку, може да има и различна фацијална експресија или движење на некој дел од телото. Меѓутоа можно е обратното: исти немануелни сигнали да имаат два различни знаци од ASL и BSL. Оваа се само дел од разликите меѓу ASL и BSL што укажува на фактот дека иако луѓето од Америка и Британија многу лесно комуницираат со говорниот јазик, тие имаат сосема различни знаковни јазици кои се развиле независно еден од друг во глувата заедница.

For example, in ASL unlike the spoken English language there is a different sequence of the words, one word can represent the whole sentence, and non manual signals can play an important role in producing the signs and during the assessment of the type of the sentence.

Although the structures of the English language used in America and in Britain are the same, still their sign languages-ASL and BSL are different. For example, the manual alphabet in ASL is one handed (dactilology), while in BSL is two handed (hirology). What is interesting is that the Macedonian manual alphabet is very similar with ASL alphabet. The number production is also different. Except this, they are different in the production of many other signs, one sign can have a different location, movement and position in ASL and BSL. Differences can be seen in the non manual signals, one sign except is differently produced it can have a different face expression or movement of some part of the body. But the opposite is possible, the same non manual signals can have two different signals from ASL and BSL. These are just a part of the differences between ASL and BSL that points to the fact that although people from USA and Great Britain can easily communicate with the spoken language they have completely different sign languages that developed independently from one another in the deaf community.

### *Литература / References*


1. Savić Lj. *Neverbalna komunikacija gluvih i njena interpretacija,* Beograd: Saveza gluvih i nagluvih, 2002.
2. www.lsadc.org/info/ling-faqs-sign.cfm
3. Liddell KS. *Grammar, Gesture, and Meaning in American Sign Language,* UK: Cambridge University Press, 2003.
4. Brennan M, Colville M, Lawson L. *Words in Hand,* Cromwell Press, 1984.
5. Kyle GJ, Woll B. *Sign Language: The study of deaf people and their language,* UK: Cambridge University Press, 1985.